**Д О: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА**
ул. „Пресвета Богородица“ бр. 3 – 1000 Скопје
тел. 02/3248 930| contact@dksk.org.mk|www.dksk.mk

**П О Д Н О С И Т Е Л И:**

1. **ДИМИТАР АПАСИЕВ – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55
2. **БОРИСЛАВ КРМОВ – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55
3. **САШКО ЈАНЧЕВ – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55
4. **АМАР МЕЦИНОВИЌ – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55
5. **РЕЏЕП ИСМАИЛ – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55
6. **ЈОВАНА МОЈСОСКА – пратеник во Собранието на Република С. Македонија**
   Службена адреса [на работно место на подносителот]:
   бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
   www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55

Врз основа на членот 24 од *Уставот на Република Македонија* (1991), чл. 3, ст. 1 од *Законот за постапување по претставки и предлози* (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15), чл. 23 ст. 1 и чл. 76, ст. 2 од *Законот за спречување на корупцуја и судирот на интереси* (Сл. весник на РМ бр. 12/2019), до Вас – како надлежен орган – ја поднесуваме оваа

# П Р Е Т С Т А В К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ
## ПОРАДИ НЕНАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОБРАНИЕТО

**ПРОТИВ: Африм Гаши** од Скопје
Претседател на Собранието на Република С. Македонија
Службена адреса [на работно место на пријавениот]:
бул. „11 Октомври“ бр. 10 – 1000 Скопје
www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55

**О б р а з л о ж е н и е**

Република Македонија е парламентарна демократија во која централна улога има **Собранието на РМ**, како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Централна улога во овозможувањето на правилно и ефикасно функционирање на Собранието има **Претседателот на Собранието** кој го претставува Собранието, ги свикува и води пленарните парламентарни седници, распишува избори за пратеници и избор на претседател на Републиката, а во одредени ситуации го менува претседателот на Републиката и врши други работи утврдени со Уставот и со Деловникот на Собранието.

Во член 8, став 1 од *Законот за спречување на корупција и судирот на интереси* е предвидено дека:“ За определување на значењето на изразите избрано или именувано лице, правно лице, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, се применуваат одредбите за значење на изразите од Кривичниот законик.” Во член 122, став 4, под а) предвидено е дека за избрано и именувано лице се смета:” Претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организаци,”. Во член 67, став 1 од *Уставот на РМ* (1991) е предвидено дека:“Собранието од редот на пратениците избира претседател...”

Со оглед на тоа, Африм Гаши, како престседател на Собранието, е избрано лице од Собранието и согласно тоа покрај јавни овластувања има должност и обврска да се придржува кон нормите за спречување на корупција во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката. Така во чл. 3 од *Законот за спречување на корупција и судирот на интереси* е предвидено дека: “Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите”, а во чл. 4 од истиот закон се предвидува дека:

(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи **од лични, семејни**, верски, партиски и етнички **интереси**, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Во чл. 54 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* се предвидува дека: „**Секое службено лице е должно да ги чува државните средства** што му се доверени **и со нив да располага** на најекономичен начин и **за однапред определените намени**. **Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење**.“

Во таа насока Собранието го има донесено и *Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на РМ (2018)* во кој во член 11 е предвидено: „Пратеникот, при извршувањето на функцијата, ја почитува буџетската и финансиската дисциплина со цел правилно управување со јавните средства и нема да презема дејствија за ненеменско трошење на јавните средства“.

Сепак, спротивно на јасно поставените забрани на функционерите при вршење на функција да се раководат од лични и семејни интереси, спротивно на обврската да се чуваат државните средства и со нив да се располага за однапред утврдени намени и спротивно на забраната тие средства да се користат за приватни цели или да се даваат на друг, **претседателот на Собранието, Африм Гаши, во својство на службено лице ја злоупотребил својата положба ненаменски и за друго лице трошејќи државни средства** така што во периодот од 7 до 10 јули 2024 година кога бил на неколкудневно службено патување во Вашингтон (САД), како дел од парламентарната делегација ја вклучил и **својата сопруга – г-ѓа Јелиз Гаши [?!!!].** Неговата сопруга по ниту еден основ не е поврзана со работата на Собранието на Р. Македонија, ниту пак е избрано или именувано лице на државна функција и нема никаков основ да биде дел од Парламентарната делегација во Вашингтон. Сепак, иако г-ѓата Јелиз Гаши не извршува никаква службена должност [!!], таа во својство на сопруга на претседателот на Собранието на Р. Македонија, **отпатувала и престојувала во Вашингтон (САД) на сметка на Собранието на Република Македонија.** Како што објавува порталот infomax.mk на ден 30.07.2024 год. до Собранието на Р.Македонија доставени се повеќе фактури поврзани со организираното патување на собраниската делегација во Вашингтон што е видно од објавената фактура број 369 од датум 07.06.2024 год. издадена од страна на туристичката агенција Копмас Холидејс – ДООЕЛ. Вкупниот износ на истата меѓудругото го вклучува и износот на авионската карта на лицето **Јелиз Гаши – сопруга на претседателот на Собранието, Африм Гаши** [!!]. Во позитивното право во Македонија не постојат одредби кои му даваат привелигиран статус на брачен партнер на претседател на Собрание ниту пак се предвидени поволности во вид на платени службени патувања.[!]

Доказ: *Хиперлинк од вест на порталот infomax.mk за направените трошоци за време на посетата на Вашингтон, од 30.07.2024 год.*

- *https://infomax.mk/документи-иљадници-народни-пари-пот/*

Доказ: Принт од вест на портал infomax.mk *„ (Документи) Иљадници народни пари потрошени на ручеци во Вашингтон: Ексклузивни документи за трошењето на Гаши, си ја прошетал и сопругата и частел бакшиш“ од 30.07.2024 год.*

Со таквото постапување, Африм Гаши постапил спротивно на:

- чл. 3, чл 4. ст. 1, ст. 2 и ст. 3, чл 54 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* (Сл. Весник на РМ бр.12/2019);

- чл. 11 од *Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на РМ* (Сл. Весник на РМ бр. 109/2018 и 19/2019); и
- чл. 18 од *Закон за Собранието на Република Македонија*

Претседателот на Собранието, Африм Гаши, со своето самоволие ги прекршил законските и подзаконски одредби за спречување на корупција и судир на интереси и водејќи се од лични, семејни, интереси дрско ја **прекршил обврски за наменско трошење на јавните средства и забраната јавните средства да се корситат за друго лице.**

* * *

Имајќи го предвид претходно изнесеното, бараме од Државната комисија (ДКСК) да ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Согласно со чл. 76, ст. 6 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* **се констатира состојба на судир на интереси поради ненаменско трошење на јавните средства водено од лични, семејни интереси** кај лицето Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Македонија, затоа што спротивно на член 54 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* за приватни цели и за друго лице ненаменски користел јавни средства при остварувањето на службената посета на Вашингтон (САД) во периодот од 07 до 10 јули 2024 год.

Согласно со чл. 77, ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се бара од претседателот на Собранието на Република Македонија, Африм Гаши, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, да го отстрани судирот на интереси, со постапување на следниов начин:

- Да ја надомести висината на трошоците направени за неговата сопруга за време на службеното патување на начин што истите ќе ги уплати на сметката на Државниот буџет; и
- Да биде соодветно парично казнет со глоба и да се покрене соодветна прекршочна постапка против него за негова одговорност.

**С к о п ј е** **_П о д н о с и т е л и_:**
25.IX.2024

*проф. д-р Димитар Апасиев (пратеник)* ___________________

*Борислав Крмов (пратеник)* ___________________

*Сашко Јанчев (пратеник)* ___________________

*Амар Мециновиќ (пратеник)* ___________________

*Реџеп Исмаил (пратеник)* ___________________

*Јована Мојсоска (пратеник)* ___________________